Бр. 12-2620/6
27.09.2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), постапувајќи по пријава поднесена од анонимен подносител на 08.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 22-та седница одржана на 17 септември 2019 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријавата поднесена од анонимен подносител на ден 08.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-2620/1 од 08.05.2019 година, укажува на сомневање за незаконитости сторени во текот на изборната кампања на претседателските избори 2019 година во ЈП ----------------------------, каде неколку раководители си делеле пари добиени од странски невладини организации, наменети за претседателските соочувања на ------------------.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2620/1 од 08.05.2019 година, поради непотврденост и неоснованост на наводите содржани во пријавата.

Предметот со број 12-2620/1 од 08.05.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2620/1 од 08.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од анонимен подносител.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконитости сторени во текот на изборната кампања на претседателските избори 2019 година во ЈП -------------------------, каде неколку раководители си делеле пари добиени од странски невладини организации, наменети за претседателските соочувања емитувани на програмите на --------------. Во пријавата се изразува сомневање дека само на дел од вработените им се исплатувани надоместоци по основ на прекувремени часови, работа во празник и слично.

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите содржани во пријавата по која е оформен предметот број 12-2620/1 од 08.05.2019 година, беа преземени следниве процесни дејствија:

- Барање за прибирање на податоци до ---- --------------------- со број 12-2620/3 од 13.05.2019 година со кое се бара да достават информации за тоа од кои странски фондови /странски невладини организации се доделени парични средства на ------------------------ за организирање на политичко претставување на кандидатите за претседателските избори 2019 година и да се објасни начинот на нивно распределување и дали дел од овие средства биле наменети за плаќање на работниот ангажман на вработените лица во ----------- кои


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

учествувале во реализацијата на политичкото преставување, во колкав износ и на кој начин е вршена таа распределба на средствата.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата и преземените процесни дејствија, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не се потврдени наводите содржани во пријавата и истите се неосновани.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на 17 септември 2019 година по број 12-2620/6**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата

Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3215 377
www.dksk.mk